ООУ"ДРАГА СТОЈАНОВСКА"С.РАКОТИНЦИ-СОПИШТЕ

SH.F.Q"DRAGA STOJANOVSKA"f.Rakotincë-Sopishtë

# *УЧЕНИЧКО ОРГАНИЗИРАЊЕ -УЧЕНИЧКИ ПАРЛАМЕНТ*

Ученичкото учество има посебно лично и општествено значење ако се земе предвид дека е најдобро средство преку кое учениците можат да учат како да застанат во одбрана на своите и правата на другите, како да влијаат врз процесите на одлучување и како се учествува демократски во животот на училиштето и на заедницата.

Училиштето им овозможува активно учество на учениците во одвивањето на сите активности во училиштето кои се однесуваат на него.

Сите ученици во училиштето ја сочинуваат училишната заедница. Учениците имаат право на ученичко организирање на ниво на паралелка и училиште.

За организирано остварување на интересите на учениците во училиштето, учениците се организираат во заедница на паралелка и ученички парламент.

Ученичкиот парламент го сочинуваат претседателите на заедниците на паралелките.

Првото свикување на ученичкиот парламент го врши директорот на училиштето.

Ученичкиот парламент:

- активно учествува во застапување и промовирање на правата и интересите на учениците,
- го промовира ученичкиот активизам,
- учествува во активности за обезбедување врсничка поддршка на учениците со посебни образовни потреби, во реализација на наставата и воннаставните активности,
- учествува во подготовката на годишната програма за работа,
- дава предлог активности за годишните програми за екскурзии,
- дава предлози за воннаставни активности на училиштето,
- дава предлози за подобрување на ученичкиот стандард,
- учествува во евалуацијата на работата на училиштето,
- преку свои претставници учествува во советот на родители и наставничкиот совет и

- организира и учествуваат во хуманитарни активности, еколошки активности и општествено корисна работа.

Претседателот на ученичкиот парламент се избира со мнозинство гласови од вкупниот број на претставници од претседателите на заедниците на паралелките по пат на тајно гласање.

Ученичкиот правобранител се грижи за заштита и унапредување на правата на учениците во училиштето. Ученичкиот правобранител се избира со мнозинство гласови од учениците од седмо до деветто одделение, по пат на тајно гласање

Претседателите на заедниците на паралелките се членови на ученичкиот парламент.

Ученичкиот парламент работи на седници, кои се одржуваат најмалку еднаш во текот на месецот, освен во месеците кога учениците се на распуст.

Седниците ги свикува претседателот на ученичкиот парламент. Ученичкиот парламент може да заседава и да одлучува доколку се присутни најмалку половина плус еден од вкупниот број на претседатели на заедници на паралелки.

На седниците на ученичкиот парламент, без право на глас може да учествува секој ученик, директорот на училиштето, училишниот педагог, дефектолог, психолог, други стручни соработници и претставници на родителите од Советот на родители.

Ученичкиот парламент:

- активно учествува во застапување и промовирање на правата и интересите на учениците,
- го промовира ученичкиот активизам,
- учествува во активности за обезбедување врсничка поддршка на учениците со посебни образовни потреби, во реализација на наставата и воннаставните активности,
- учествува во подготовката на годишната програма за работа,
- дава предлог активности за годишните програми за екскурзии,
- дава предлози за воннаставни активности на училиштето,
- дава предлози за подобрување на ученичкиот стандард,
- учествува во евалуацијата на работата на училиштето,
- преку свои претставници учествува во работата на училишниот одбор, советот на родители и наставничкиот совет, без право на глас,

- организира и учествува во хуманитарни активности, еколошки активности и општествено корисна работа.

- ги донесува Правилникот за работа на заедницата на паралелки и ученичкиот парламент, годишната програма за работа и други акти изработени од Координативното тело на ученичкиот парламент;

- активно учествува во процесот на планирање на развојот на училиштето;

- го промовира ученичкиот активизам преку едукативни содржини, тркалезни маси, дискусии, дебати, истражувања, хуманитарни и еколошки акции, културни и спортски манифестации;

- поднесува иницијативи и барања до училишните органи за подобрување на пристапот и квалитетот на образование во училишната установа

- соработува со институциите и другите организации кои работат со младите и

- промовира отчетност и транспарентност пред сите ученици преку јавно информирање за своите активности.

За непречено одвивање на активностите на ученичкото организирање и учеството се применува дел од Законот за основно образование – делот за ученичко организирање и активности, кои се извадени како посебен правилник на нашето училиште.